ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **09.03.2020 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за општи и правни работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за јавни дејности ,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски** Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска**,Раководител на испекциски надзор **Бранко Велиновски** , Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Секретар</u>**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

-Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

-Во текот на неделата да се состане комисија за евалуација на пријава за финансиска подршка за користење на средства од буџетот на Општина Крива Паланка за 2020 година и да се провери комплетната документација поднесена од страна на невладините организации за потпишување на грантови.

-Да се направи термин околу потпишување на меморандум за збратимување на градот Бор Р.Србија со Општина Крива Паланка .

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

-Од страна на Раководителот на Одделение за финансиски прашања беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Од Одделение за урбанизам да биде доставен список на бесправно изградени објекти на Емил Денчевски за да направи распоред на предметите за проценка за данок на имот по проценители.

-Проширување на Буџет за блок дотации и самофинансирачки активности и донации на наредната седница на совет .

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

- Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се поднесат барања за обезбедување на согласност за тековно одржување на повеќе локации во градот.

-За потпорни ѕидови на ул. „Јане Сандански“ (кај стари градски гробишта), ул. „Климент Охридски“ (кај Цонев Рид).

-За тековно одржување на дел од ул. „Лозановска“, ул. „Калин Камен“, ул.„Борис Трајковски“ и да се разгледа можноста за ул. „Момир Стојановски“ исто така за тековно одржување

-Да се провери со Министерство за транспорт и врски за проектот за водомери дали треба да се достават дополнителните одлуки и тоа:

-Одлука за овластен потписник за грантот,

-Одлука за измирување на средства,

-Изјава од ЈП Комуналец за ликвидност.

-Во координација со ЛЕР да се комплетира документацијата за с.Жидилово (дом за стари лица)и за водовод во с.Луке (секундарна мрежа).

-Да се докомплетира документација за одобрение за градба за Станечки Водопади и за пат кај Дурачка Река –ПАД документ.

-Барањата од граѓани да се групираат и да се врши увид на повеќе барања одеднаш кога ќе биде обезбедено возило.

-Антонио Давидовски да провери за улично осветлување кај стара автобуска станица

-Да се види за одобрение околу гасификацијата и дали недостасува нешто во документацијата.

-Да се докомплетира документацијата за одобрение за градење на баскет игралиште.

-Да се даде писмен налог на Стевче Христовски за предметите кои не се решени за легализација да бидат завршени и да се произнесе како се завршени истите до 31.03.2020 година.

-Да се контактира со фирмата Параметар за изработка на анекс на проект за спортски комплекс до 13.03.2020 година и да се започне со активности за идејно решение за стар зелен пазар.

-Да се прати допис до ЈПДП за барање за средства за патишта.

-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Од Одделение за урбанизам да биде доставен список на бесправно изградени објекти на Емил Денчевски за да направи распоред на предметите за проценка за данок на имот по проценители.

-Иван Велиновски да излезе на лице место и да направи увид во с.Метежево околу решавање на предметите за градежно земјиште.

-Да се отпочне постапка за изготвување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на општина Крива Паланка и да се прати допис до Државен санитарен и здравствен испекторат дека е започната истата.

-Тековни активности

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Во текот на денешниот ден во координација со одделение за комунална инфраструктура да се спреми комплетна документација за водовод во с.Луке секундарна мрежа и проект за зграда (дом за стари лица) во с.Жидилово.

-На 13.03.2020 година (петок) да се одржи состанок со фолклорните друштва во врска со одржувањето на Фолклорниот фестивал Св.Јоаким Осоговски во општина Крива Паланка

-На 11.03.2020 година (среда) теренска посета за увид на локација за изградба на пешачка патека со регулација на долна локалитет Бабин Дол од спортскиот комплекс до манастир Св.Јоаким Осоговски од страна на претставници на заедничкиот технички секретаријат од ИПА Програмата на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу РСМ и Р.Бугарија.

-Посета за увид на проектот Туризам без граници финансиран од страна на ИПА Програмата на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу РСМ и Косово*, посетата ќе биде реализирана од страна на претставници на канцеларија на ЕУ во Косово*, а со цел да се направи увид во потигнатите резултати на проектот.

-Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Ургенција во врска со писмото за намери со кои се бара да се поведе постапка од страната на Министерство за образование и наука за одземање на корисничко право на касарна и потоа со соодветна постапка да бидат предадени на Општина Крива Паланка во сопственост.

-Да се ревидира листата со контакти за вработени и да се објави на веб страна.

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за правни и општи работи Јагодтка Николовска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Долорес Асановска да комуницира со програмски менаџер на РОМАКТЕД и со проектните раководители и претставници на Асоцијацијата на демократски развој на Роми „Сонце"- Тетово.

-Тековни активности околу јавните набавки.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

- Од страна на Раководителот за Одделение за испекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се исконтролираат улиците од страна на комуналните редари во поглед дали има наноси од земја и да се известат ЈП Комуналец.

-Раководителот да направи список на диви депонии за расчистување како во урбаното така и во руралното подрачје и да се достави до Ани Мазнева –МЖСПП (за месец дена)

-Да се направи увид во селото Т'лминци за направени штети од дејствата на фирмата Гранит (однесени бавчи и пат).

-Градежниот испектор да направи проверка во угостителските објекти околу плаќањето на комунални такси за настрешници и поставување на урбана опрема.

-Да се достават потребните документи и податоци за неконтролираното движење и напасување на крупен добиток на секретарот на општината за точка на влада и изготвување на тужба.

-Да се изготви ургентен допис до Министерство за животна средина за одобрување на сечење врби во речното регулационо корито на Крива Река спроти Бегови бавчи и од Дом на култура до затворот во Дурачка Река.

-Да се спреми измена на одлука за комунален ред за наредна седница на совет за делот на пердувеста живина.

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се ангажираат службите за собирање на наносот од земја од сообраќајните и јавните површини.

-Секторот за јавна чистота да преземе мерки за отстранување на шишиња и друг вид на отпад од каскадите во регулациите на Крива Река и Дурачка Река.

-Секторот за јавна чистота да преземе мерки околу собирање на отпадот пред бараката на ромите кај населба Грамаѓе( кај пекља).

-Да се исконтактира фирмата Мелтон за поставување на држачите и платформите за буриња во населба Единство.

-Да се ангажира секторот за зеленило да изготви трошковник за штети направени од крупниот добиток на зелените површини во речното корито и спортско рекреативниот центар

-Санација на канализација кај Дема Стил.

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Директорот да учествува на состанок за подготовка на Фолклорниот фестивал Св.Јоаким Осоговски на 13.03.2020 година (петок) во 11 часот.

-Да се финализира постапка за банери за кампањата visitkrivapalanka во кординација со Стојанче Величковски до 13.03 2020 година.

-Да се подготви и испрати текстови на веб страната visitkrivapalanka и да координира работи околу фотографирањето на туристички локалитети заедно со Валентина Тасева од фондација ,,Со срце за Крива Паланка''.

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

- До завршување на избори Председателот на комисија за отуѓување на градежно земјиште на РСМ, Тања Георгиевска треба да ги припреми сите потребни документи за отуѓување на катастарска парцела кај фабрика Треска а во согласност со Програма за работа во областа на располагање на градежно земјиште во РСМ на територијата на општина Крива Паланка.

-При излегување со пропусници од страна на вработените да се користат за увид и решавање на повеќе предмети и со проверка на раководител а потоа истата да биде одобрена од страна на градоначалникот.

-Да се држи до дадените рокови за решавање на пристигнати барања од страна на граѓани и истите да не се пролонгираат во спротивно ќе се санкционира секое неоправдано пролонгирање.

**09.03.2020 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**